**Известување за концентрација со која АЛТА ГРОУП ДОО Београд, Србија ќе стекне контрола над СТОПАНСКА БАНКА А.Д. Битола, Северна Македонија (предмет бр. 08-89/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 25.05.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АЛТА ГРОУП ДОО Београд, со седиште на адреса Угриновачка 212, локал бр. 1, Земун-Белград, Србија, ќе стекне контрола над СТОПАНСКА БАНКА А.Д. Битола со седиште на адреса Добривое Радосављевиќ бр.21, Битола, Република Северна Македонија

## Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

АЛТА ГРОУП ДОО Београд со претежна дејност друго монетарно посредување. АЛТА ГРОУП ДОО Београд и неговите поврзани друштва не се присутни во Северна Македонија и немаат остварено приход во Северна Македонија.

СТОПАНСКА БАНКА А.Д. Битола е една од регионалните комерцијални банки на македонскиот пазар со долга историја на деловна активност и силно присуство во областа на финансиските услуги, вклучувајќи прибирање депозити, одобрување кредити, платен промет, електронско банкарство и други придружни банкарски активности. СТОПАНСКА БАНКА А.Д. БИТОЛА ги има следните поврзани лица кои се регистрирани во Северна Македонија:

1. АМЕРИКАНСКА СТОПАНСКА КОМОРА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Стопанска Интересна Заедница, со ЕМБС 5470315, со седиште на субјектот на Максим Горки бр.11, Скопје и со приоритетна дејност – дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.;
2. Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје со ЕМБС 7277156, со седиште на субјектот на Орце Николов бр.75, Скопје и со приоритетна дејност – дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.;
3. Друштво за трговија и услуги ПЕЛАГОНИЈА ФАЈНАНС ДОО Скопје – во ликвидација, со ЕМБС 6914187 со седиште на субјектот на Македонија бр.38, Скопје и со приоритетна дејност управувачки дејности.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар на производи да се дефинира како пазар на пружање на банкарски услуги, а релевантниот географски пазар да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на*

*заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

30.05.2025 година
Скопје